Врз основа на член 73 став (1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25), член 109 став (13) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29 јуни 2026 година донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за уважување на приговор**

1. Приговорот на Иван Ивановски од Битуше, Маврово и Ростуше УП2 09-251/26 од 2 јуни 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_22_20260504_241 од 14 мај 2026 година СЕ УВАЖУВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_22_20260504_241 од 14 мај 2026 година СЕ ПОНИШТУВА и предметот се враќа на повторно разгледување и одлучување.

3. СЕ ЗАДОЛЖУВА Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје во повторната постапка за издавање на соодветно Решение согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија целосно и точно да ги утврди фактите со прибавување на потребната согласност од Михаил Иваноски како сосопственик наведен во имотниот лист.

4. СЕ ЗАДОЛЖУВА Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје по исполнување на задолжението во точка 3. од ова Решение да донесе соодветно Решение за согласност за приклучување за пумпа за вода.

5. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### **О б р а з л о ж е н и е**

Иван Ивановски од Битуше, Маврово и Ростуше до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-251/26 од 2 јуни 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) УП1 бр. NCC_22_20260504_241 од 14 мај 2026 година, издадено поради нарушени безбедносни растојанија од објектот до 10kV далекувод и загрозување на сигурноста во снабдувањето на останатите корисници или да ја доведе во опасност безбедноста на луѓето или имотот поради нарушени безбедносни растојанија помеѓу делови од објектот и дел од постоечкиот надземен СН 10 kV во, при што на лице место е констатирано дека заштитниот појас на 10kV среднонапонски далновод не е во пропишаните граници дефинирани со актуелните мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија, за побаран приклучок за пумпа за вода.

Според Електродистрибуција – барателот има доставено документација со која на КП бр. 495 КО Битуше бара да се даде приклучок за пумпа за наводнување. При увидот на лице место утврдено е дека на предметната парцела во фаза е изградба на објект. Веројатноста дека бараниот приклучок ќе биде за тој објект е многу голема.

Според проценката со изградбата на овој објект нарушен е заштитниот појас на 10kV воздушен далновод, поради тоа е пристапено кон одбивање на барањето, пред се поради безбедносни причини. Согласно приближните мерки кои се направени на терен оддалеченост на објектот од оската на постоечкиот 10 kV далновод е околу 6 метри, додека во Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија заштитниот појас за ова напонско ниво изнесува 7 метри.

Жалителот преку својот адвокат го тврди спротивното дека барањето не се однесува за приклучок за објектот, туку за приклучок за пумпа со која ќе се наводнува градината. На предметната парцела се гради објект кој е навлезен во заштитниот појас на 10kV далноводот и со истото веќе е направен одреден прекршок, со што Електродистрибуција ќе мора да превземе активности пред надлежните органи за истото да биде регулирано, а со цел да се спречат евентуални несакани последици.

За овој предмет секако дека останува крајната одлука да ја донесе Регулаторната комисија за енергетика, но при тоа треба да се има во предвид дека доколку се одлучи да се даде приклучок за пумпа согласно барањето, тогаш поради фактот што низ парцелата за која ќе се даде таков приклучок поминува 10 kV далновод ќе треба да се издаде Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа од времен карактер со напомена дека жалителот нема да смее преку овој приклучок да го напојува и предметниот објект. Доколку при контрола на терен тоа се забележи, евентуалниот приклучок ќе биде демонтиран, а броилото одјавено бидејќи дадениот приклучок во тој случај нема да се користи за намената за која е издадено Решението за согласност за приклучување.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 23 јуни 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Одговор на Приговор УП2 09-251/26 од 2 јуни 2026 година со прилог:

- Приговор
- Имотен лист
- Потврда од АД Водостопанство на РМ – Скопје дека на предметната КП нема водоводна инсталација
- Приговараното Решение
- Слики од парцелата и предметниот далекувод
- Слика од барањето за согласност за приклучување
- GIS скица

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е основан.

Согласно член 31 став (1) точка 1 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на РСМ“ бр. 191/19, 101/22, 68/24 и 106/25) (понатаму: Мрежни правилаОДС ќе издаде решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на електронската платформа, на корисничкиот профил на барателот во случај кога барателот нема да ја комплетира документацијата во рок од 15 дена, по претходно известување до ОДС.

Согласно член 23 став 9) од Мрежните правила, кога земјиштето или објектот за кое е поднесено барање за приклучување е во сопственост на повеќе лица, барателот кон документацијата од ставот (8) на овој член задолжително прикачува и согласност од сите сосопственици.

Во предметната постапка, не е испратено соодветно Известување за комплетирање на документацијата до подносителот на приговорот туку директно е издадено сега приговараното Решение за одбивање на барањето на согласност за приклучување.

Имајќи го предвид горенаведеното, се утврди се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–251/26**
**29 јуни 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**